**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Дваесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 декември 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 18,03 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот, Љубиша Георгиевски претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа по 21-та седница на Собранието на Република Македонија.

Процедурално Силвана Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Почитуван претседателе, од име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ барам да ја продолжиме седницата после 18,00 часот.

**Љубиша Георгиевски:** До колку часот предлагате?

**Силвана Бонева:** Согласно договорот на координацијата сите да се грижиме да го почитуваме времето за кое се договоривме.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи е поминато извесно време, ако нема никој против и јас би го прифатил предлогот под услов да не инстистира никој деловнички оти е 18.05 часот, ако се согласуваме.

Дали имаме согласност да продолжиме до 20,00 часот? Имаме.

Продолжуваме до 20,00 часот.

(Реакција од страна на опозицијата да се дискутира дури има дискутанти).

Дали знаете колку дискутанти има?

Добро, се почитува договорот за квоти на луѓе што ќе земат збор. Во ред.

Одиме понатаму.

Процедурално господинот Алити.

**Рафис Алити:** Ви благодарам господине Георгиевски.

Јас со жалење барам процедурално, бидејќи парламентарната група ДУИ и ПДП чекаше господинот Георгиевски да ја манифестира граѓанската смелост и пред почнување на продолжување на оваа седница ќе се оградеше од извршеното насилство врз студентите на ДУТ и ќе го осудеше однесувањето на полицијата.

Никаде во демократскиот свет не се врши насилство против тие кои не мислат како тебе. Во ниту една држава во Европа не се приведува студент, затоа што свиркале на некој државен функционер дури и да фрлаат со патлиџани, јајца, не се санкционира. Само во Македонија која е претендент за Европската унија се тепаат студентите затоа што го исвиркаа присуството на претседателот на Парламентот.

Синоќа пред камерите и пред целата Македонска јавност извршија насилство врз студентите кои протестираа против присуството на спикерот на Собранието на Академијата по повод 13 годишнината на ДУТ.

Апсурдот да биде уште поголем полицијата во Тетово за да ги приведе тие кои го направија нападот и извршија насилство, го извршија спротивното. Се приведуваа студенти дури насилно се изнесуваа од болница, ги повикуваа на разговор тие кои се спротивставија на присуството на господинот Георгиевски на таа манифестација.

Господинот Георгиевски не наоѓа за потребно да се огради од ова, а тоа е човечка потреба и интелектуална да им се извини на струдентите кои беа претепани и да го осуди бандитското однесување на партиското обезбедување и да инсистира на расветлување на овој инцидент кој му наштети на имиџот и демократијата во Македонија.

Затоа парламентарната група на ДУИ и ПДП бара од господинот Георгиевски да се огради од инструментализацијата на неговото име за ниски политички цели и партиски цели. Барајќи извинување на студентите кои се претепани и со тоа ќе се амнестираше себеси и институцијата која ја претставува. Инаку, ве потсетувам дека кога се задушува слободниот збор, таму каде што се врши насилство врз тие кои не мислат како тебе, таму се раѓа друга пракса, друга логика која може да биде се, но не и демократија.

Ова, почитувани колеги, се случува во денот кога ние во Парламентот расправаме по Извештајот на Европската комисија за нивото на демократијата и демократските стандарди кои се практикуваат во Македонија.

Каква порака и испраќаме на Европа доколку го кршиме достоинството, ако ги тепаме и приведуваме студентите. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Мендух Тачи процедурално, повелете три минути.

**Мендух Тачи:** Има многу невистини пласирани во јавноста во однос на настаните од синоќа, почитувани колеги пратеници.

Воопшто не е вистина настојувањето за имплицирање на ДПА во тие настани, а знаете зошто? Едноставно затоа што собирите на ДПА, не на ДУИ, бандитите и криминалците од ДУИ, ниту војската не може ни да сонува да провоцира на тие собири, ние сме партија која функционира 15 години и такви провокации немало.

Второ, не е вистина дека е имплицирано обезбедувањето на високите функционери на ДПА, не знам зошто не ми го спомнуваат името овие затоа што едноставно се мисли на моето обезбедување. Јас немам стотина лица од обезбедување, имам еден плус еден кога едниот е на работа другиот одмара.

Се работи за една процедурална интервенција на елиминирање на луѓето кои предизвикаа метеж на една образовна, културна манифестација.

Мислам дека инсистирањето за да се замешаат во работата на Министерство за внатрешни работи само ги отстранува од вистинските истражувања за да се пронајде вистинскиот виновник.

Проблемот на изнаоѓање на барање да се извини претседателот на Парламентот не е во областа на воспитувањето и културата, а уште повеќе не е во однос на традиционалноста на албанскиот народ кога на гостинот му се стои како што треба. Мислам дека зад овој инцидент кој се нарекува Али Ахмети треба да се извини на претседателот на Парламентот за тоа што му згазна на доверба. Вие можете да им згазнете на доверба на луѓето на вашите манифестации, меѓутоа, на манифестациите кои ги организира Државниот универзитет во Тетово нормално дека ќе добиете сакан и заслужен одговор не од ДПА и од обезбедувањето на ДПА, туку одговорот може да го добиете од обезбедувањето, тоа се луѓе со име и презиме и верувам дека Министерството за внатрешни работи многу брзо ќе излезе со точна информација.

Ви посакувам друг пат да не провоцирате затоа што кога децата јадат кисели јаболка на возрасните им се здрвува непцето. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Продолжуваме со дискусија.

Има збор Андреј Жерновски, повелете.

**Андреј Жерновски:** Почитуван претседателе на Парламентот, почитувани дами и господа пратеници, почитувани министри, претставници на Владата на Република Македонија.

Дозволете ми да го кажам ставот на ЛДП и мојот личен став по повод Извештајот на Европската комисија.

На почетокот да искажам жалење што навистина помина многу време откако се договоривме да се одржи оваа седница, мислам дека би можеле да направиме еден заеднички договор кој не мора да биде во заклучокот, но кој ќе се почитува понатаму Извештајот да биде ставен на дневен ред, но не подолго од 7 дена за да може да се дискутира за овој Извештај точно кога ќе дојдат тие критики и забелешки односно сите информации во врска со Извештајот затоа што кога дискутираме по подолго време навистина се губи поентата.

Јас ни ЛДП денеска нема да дискутира за аферата за оружјето, ниту за аферата со "Процес", од три причини:

Прво, она што го кажа вчера министерот за надворешни работи ние побаравме да се свика посебна седница врз извештајот на Владата и тој документ е дојден во Владата за сето она што се случуваше во "Процес".

Второ, затоа што ќе го чекаме и почитуваме Извештајот односно ставот на премиерот Груевски кој изјави цитирам: "Овој случај доколку не биде расветлен и не бидат казнети сторителите, може директно да влијае на имиџот на Македонија", а ние денеска дискутираме за Извештајот кој е всушност имиџ на Република Македонија и

На крајот на краиштата затоа што овде како трета причина не се присутни министерот за одбрана и министерката за внатрешни работи што само по себе ни кажува нешто.

Она што за нас е сосема јасно е дека прво, ако знаеме дека над 90% од граѓаните на Република Македонија се согласни за нашата европска агенда тоа е јасен сигнал до нас политичарите дека всушност ние треба да бидеме обединети околу оваа тема. Сметам дека целата дискусија од моментот кога пристигна овој Извештај, па и вчерашната дискусија мислам дека не се однесувавме на нивото кое е потребно, мислам дека испративме погрешен сиглал за Брисел и мислам дека ги разочаравме оние наши пријатели лобисти кои се во Брисел и во главните метрополи кои лобираат за Република Македонија.

Ова е тема која треба да не обединува, не е тема која треба да не разединува, ова е тема која треба да се види дека една заедничка анализа за тоа зошто се добиени овие критики, што треба да правиме понатаму во врска со сето тоа.

Од тие причини јас и ЛДП го ствивме потписот на овој документ, можам да искажам жалење што претставниците на опозицијата не го потпишаа овој документ, се договоривме сите заедно да ги гледаме овие заклучоци прво на Комисијата за Европски прашања, тоа го соопшти претседателот на Комисијата за Европски прашања и второ, затоа што тоа го договоривме на Комисијата. Вака изгледа дека овој документ е на дневен ред само затоа што тоа го побара група на пратеници што само по себе не е добар сигнал.

Јас ќе бидам сосема отворен и ќе се согласам со забелешките на вицепремиерката дека цитирам:"Забелешките кои се дадени од Извештајот се сметаат како фер и реални", тоа е точно, овој Извештај е фер и реален така што оценките што ќе ги дадам воопшто нема да бидат надвор од она што е запишано и ќе се обидам со цитати да дискутирам директно за Извештајот.

Таму е јасно напоменато по добивањето на документот во кој период се разговара односно се анализира работата на Република Македонија односно институциите во Република Македонија така што не можам да ги прифатам забелешките на дел или поединци од опозицијата дека Владата е единствено виновна за прилично негативните критики кои се набележани во овој Извештај кога имаме дискусии или критика за состојбите во судството, кога имаме критика за состојбите со борбата со корупцијата, кога имаме критика за недоволните реформи во економијата, не можам да се согласам дека се виновни луѓето исклучиво кои дошле на власт по 5 јули затоа што е јасно кој не ги спровел до крај тие реформи. Точно е овде набележано дека се поставени основните базични услови во реформа во судството. Ние ги изгубивме изборите, тоа е

познато, ја плативме цената, она што јас го бележам како посебно значајно во овој документ и каде ја гледам разликата, бидејќи јасно се дели што е направено пред 5 јули и после 5 јули е она што, според мене е, всушност проблематично во целиот овој Извештај. Тоа е политичкиот критериум односно критиките кои се напишани во политичкиот критериум.

Она што можеме со жалење да констатираме е дека за прв пат е забележано дека имаме проблеми во Собранието на Република Македонија и затоа баравме и мислам дека е ова вистинското место каде треба да дискутираме за сето она што е набележано во Извештајот, а се разбира мора да дискутираме ние кои учествуваме во Собранието.

Во Извештајот се вели: треба да се обрне поголеми внимание на зголемената тензија меѓу мнозинството и опозицијата. Од суштинско значење е за Владата да бара консензус за одреден број на критични реформи како резултат, ова е посебно битно, специфичностите на политичкиот модел на земјата како во интерес на политичката стабилност. Треба да се воспоставан неопходните канали за комуникација без натамошно одлужување.

Една ваква прилично јасна и остра критика за политичкиот момент во Република Македонија е нешто што треба да не загрижи, и актуелата Влада. Она што лично сметам дека е направен голем проблем и зошто всушност е забележано дека сме го забавиле темпото е поради политичките критериуми.

Имено, почитувани дами и господа, токму политичките критериуми беа основното нешто зошто ние го добивме кандидатскиот статус. Не затоа што бевме идеални со економските реформи, не затоа што бевме идеални во борбата против корупцијата или поради реформските моменти во однос на судството. Ако сакате и десетте земји кои влегоа во историското проширување или уште повеќе ако зборуваме за овие кои ќе влезат после 1 јануари, а тоа се Романија и Бугарија сигурен сум особено во реформите во судството не се понапред од Република Македонија. Она што ние го изгубивме во овој момент тоа се политичките критериуми.

Ако ми дозволите да го цитирам господинот Оли Рен како комесар за европроширување, вели, во моментот кога го добивме кандидатскиот статус, после само неколку години откако беше на ивица на граѓанска војна Република Македонија постигна забележителна политичка стабилност и демократски развој делумно благодарејќи на имплементацијата на Охридскиот рамковен договор.

Таа во моментот е единствена мултиетничка држава која успешно функционира на Балканот, тоа е пример дека таквиот мултиетнички модел може да биде успешен. Токму од овие причини Комисијата препорача на Македонија да и се додели статус на замја кандидат.

Значи, ако е токму од овие причини јасно е дека кандидатскиот статус ни беше доделен поради политичките критериуми кои ги исполнувавме во тие моменти, за да сега на прес-конференцијата веднаш по објавувањето на Извештајот вели:

Треба да се преземат цитирам "дополнителни чекори за да се изгради консензус со кој ќе се овозможи натамошен напредок во имплементацијата на Охридскиот рамковен договор".

Конструктивниот дијалог помеѓу сите политички партии е неопходен за да се осигура функционирањето на институциите. Но, независноста и професионализацијата на државната администрација како и административниот капацитет мора да се зајакне затоа што тоа е директно поврзано со дел од Извештајот кој вели дека го прави проблематичниот избор во единствената одлука донесена во септември да се заменат голем број на службени лица во министерствата и државните органи покажа дека политичките промени се уште имаат големо влијание. Тоа значи дека Република Македонија е нападната за не исполнување на политичките критериуми односно дека сме ослабени токму во тие критериуми.

Со еден збор најголемиот адут што го имаше Република Македонија успешната македонска приказна која успеавме да ја продадеме ако сакаме да ја земеме како еден политички продукт или како еден продукт кој се продава во маркетите во овој момент го немаме.

Она што треба да не загрижи е што всушност тој политички критериум кој што беше најак адут во овој момент стана најслаб адут во нашата борба да влеземе што побрзо да го фатиме чекорот. Ако со внимание ја слушавме изјавата на господинот Диксон амбасадорот на Велика Британија кој што вели, цитирам: Идните шест до 12 месеци се клучни за евроатланските аспирации на Македонија. Тогаш, ние навистина немане многу време што да сториме. Сакам дискусијата која што ја кажувам од име на Либерално демократската партија да се разбере како е дна добронамерна критика што можеме заедно не само Владата, да сториме, да воспоставиме дијалог во Република Македонија. И она по што бевме препознатливи како еден бренд да можеме и понатаму да го користиме како најак адут што можеме во овој период кој што се бележи од 6 до 12 месеци да направиме за повторно да се врати имиџот на Република Македонија како место каде што функционира мултиетничкиот модел, каде што има добар дијалог помеѓу власта и опозицијата, добар дијалог меѓу етничките Македонци, и етичките Албанци, Роми, Турци, Бошњаци, Срби итн.

Она што го бележи вицепремиерката во своето обраќање вели: констатиран е континуитет во политичката стабилност на Република Македонија. Тука не можам да се согласам, затоа што тука е нападната токму стабилноста на

политичкиот континуитет во Република Македонија. Но, во едно нешто се согласуваме, а тоа е во тоа што правиме ние понатаму како ќе го оцениме овој извештај и како тој ќе ни ги даде правците за понатамошна работа.

Дали Република Македонија, дали Владата дали сите заедно добро ја проценивме пораката? Тука за жал, не можам да се согласам дека сме ја примиле пораката целосно. Дали има подобрување на дијалогот во Република Македонија? Нема напротив.

Она што е набележано дека имаме проблеми со консензус кога се донесуваше Законот за полиција од тогаш не гледам позитивни моменти во дијалогот во Република Македонија. Напротив, денеска имавме можност да слушнеме дека Влдата донесе одлука за гласањето на македонската дијаспора. Повторно кажувам еден пример за тоа како се носи одлука која што треба да дојде во Парламентот без да се консултира опозизијата во Република Македонија. Тоа е лош пример. Покажуваме дека не сме ја разбрале пораката, бидејќи понатаму ќе продолжиме да дискутираме без опозицијата во Република Македонија. Да не зборувам за тоа што е набележано во политичките критериуми како реформи во судството, а ние намаме дијалог за тоа што правиме со тие реформи итн. Ако се бележи, од особено значење е специфичниот политички момент во Република Македонија, тоа значи дека треба да се негуваат токму тие односи. Но, ако однапред се забележува дека Владата треба да внимава особено кога се носи двојното мјнозинство во Парламентот, гледаме дека и тука немаме согласност, па имавме моменти кога мора да се одложува изборот на членови на РСС, затоа што нема согласност од припадниците на етничките малцинства во Република Македонија итн.

Околу датумот. Мислам дека треба многу внимателно да ја следиме изјавата на господинот Оли Рен која што можевме да ја слушнеме вчера во медиумите. Во изјавата тој вели: ЕУ ги држи отворени вратите за Југоисточна Европа. Вратата е отворена за Турција, за Хрватска и за другите земји од западниот Балкан. Зошто како што набележа и госпоѓата Меркел, зошто Македонија повеќе не е во групата со Турција, со Хрватска, туку е во група со другите земји од Западниот Балкан.

Изјавата на премиерот на сето ова е дека тоа е така и дека таа изјава треба да се прифати како факт. Република Македонија односно Владата не треба да се согласи со ваквата оценка ниту на Меркел, ниту на Оли Рен, затоа што покажува дека ние не можеме да воспоставиме наша иницијатива во однос на тоа кога треба да го добиеме датумот. Да се откажеме од тоа и беше зборувано тука од барањето да добиеме датум навистина мислам дека беше направена стратешка грешка. Да ве потсетам, при добивањето на кандидатскиот статус во тој момент кога господинот Груевски беше пратеник, а сега е премиер на Република Македонија изјави: да, ова е голем успех, меѓутоа е непотполн затоа што не добивме во тоа време датум за преговори. Значи, ако во 2005 не сме добиле датум за преговори, сега имаме состојба кога се набележува дека е можно и добро е да го добиеме во 2007 година, па дури и 2008 година датумот за преговори.

Зошто ја спомнувам госпоѓата Меркел. Прво, затоа што се разбира ја води Владата на една така битна држава како што е Германија. Второ, затоа што токму Германија е следниот претседавач како што знаете на ЕУ. И трето, затоа што токму госпоѓата Меркел беше забележана од страна на господинот Груевски како главен пријател на Република Македонија, или како главен лобист, ако не се лажам, поправете ме, во нашата евроинтеграција. Токму госпоѓата Меркел во својата изјава кажа дека отсега па натаму ЕУ, значи, повторно кажувам Германија е претседавач идните шест месеци од 1 јануари, изјави дека проширувањето отсега на ЕУ ќе оди во три насоки, во три термини: краткорочно се мисли на Хрватска, среднорочно, се мисли на земјите од Западниот Балкан и долгорочно на Турција. Од ова за жал можеме да заклучиме дека Република Македонија не само што повеќе не е во групата на земјите од Западниот Балкан, не само што не остана барем на местото каде што беше, за жал не отиде напред, туку сме вратени назад во групата на земјиј кои што воопшто немаат ни потпишано договор за стабилизација и асоцијација. Тоа е она што го имаме во моментов како факт со кој што се соочуваме сите како граѓани на Република Македонија. Значи, имаме два момента, еден кога го добивме кандидатскиот статус и кога во тој момент имате изјава на еврокомесарот за проширување Оли Рен дека Македонија е на добар пат да ја стигне Хрватска и заедно да влезе во ЕУ, имате изјави во медиумите за да денеска добиеме став на ЕУ дека Македонија е вратена назад во групата на земји од Западниот Балкан, пак ќе кажам со група на земји кои што воопшто немаат ни започнато преговори за стабилизација и асоцијација. Тоа значи не дејуре, туку де факто дека на Македонија и е поништен на политички план кандидатскиот статус. Зошто се случува тоа? Кој го направил тоа, зошто го направил, мислам дека треба да се замисли Владата.

Она што за нас е исклучително битна работа е што сега ќе преземеме сите заедно за да го поправиме сето тоа. Либерално демократската партија како партија во опозиција е спремна максимално да учествува во она што е нарекува продолжување на успешната македонска приказна која што за жал во овој момент е стопирана. Она што е битно е да се каже дека ние и понатаму сметаме дека на оваа тема не треба да се делиме на власт и на опозиција, дека на оваа тема треба да бидеме сите заедно. Меѓутоа, ќе постигнеме успех како што беше набележано во овој клучен период во идните шест до 12 месеци само ако сме ги разбрале

пораките од Брисел. Ако не сме ја сфатиле пораката од Брисел, ако не сме сфатиле дека мора за клучните реформски закони да работиме заедно, тогаш Македонија ќе остане во групата на Западниот Балкан а тоа значи дека ќе чекаме долго, долго време додека не добиеме датум за преговори, а камо ли да очекуваме полноправно членство.

**Бесим Догани:** Има збор господинот Владо Бучковски.

**Владо Бучковски:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, дозволете и јас да го искажам своето мислење за темата која мора да признаеме под притисок на опозицијата денеска се најде на дневен ред, иако до пред неколку месеци сите ние независно кој беше победник, или кој ги изгуби изборите тврдевме дека континуитетот како што рече заменик претседателот на Владата ќе биде постојан, односно дека континуитетот во напорите да бидеме што поблиску до ЕУ и до НАТО е единственото она што ги поврзува позицијата и опозицијата.

Јас не би се невраќал на сето она што го кажа претседателката на СДСМ, сето она што го кажа како став колегата Жерновски од ЛДП. Би сакал во една смирена дискусија да направиме една реална анализа каде погрешивме, имаше ли објективни слабости, имаше ли субјективни слабости и што може заеднички да направиме во периодот кој претстои пред се за време на претседавањето на Сојузна Република Германија да се поправи сликата за Република Македонија, да не остане онаква како што во овој момент стои дека е дел од другите држави од Западниот Балкан. Јас само би сакал да потсетам со какви се тешкотии се среќаваат другите држави од Западниот Балкан, односно какво е нашето опкружување, или какво е нашето друштво. Значи, во друштво сме на Србија која на 21 јануари о.г. има избори со неизвесен исход каде што е меѓународната заедница и поголемиот дел од опкружувањето на Србија. Сеуште не може да се соочи со реалноста дека според испитувањата на јавното мислење радикалната партија веројатно се можните победници. Јас не би сакал да шпекулирам какви ќе бидат можните коалициони капацитети на радикалната партија, но тоа е реалноста во нашето опкружување.

Од друга страна тука е Република Албанија која заедно со нас е дел од Јадранската екипа која се обидува во 2008 година да го добие долго очекуваниот сигнал од Брисел и поканата за членство во НАТО, држава која се соочува со проблеми, многу потешки од проблемите кои ние ги имаме денес заради недостаток на политичкиот дијалог кој треба да биде континуиран и продуктивен, дијалог кој доведува дотаму да се одложуваат локалните избори и да не може да се набележи прифатлив термин, а од друга страна да не попречи пред најкрупното отворено прашање во регионот за кој ќе говорам, а тоа е евентуалниот финален статус на Косово кој би водел кон независност.

И, четвртата држава, или третата, ако не сметаме дека Косово се уште го нема овој статус е Босна и Херцеговина која повеќе од три месеци по завршувањето на Парламентарните избори не може да ја избере својата Влада. Јас колку и да бидам реален како што инсистираше заменик претседателот на Владата да мислам дека со својот реален, или умерен оптимизам сакаше да ми даде малку повеќе мотив дека се не е изгубено, треба да процениме дека во овој момент песимистички се најавите од Брисел, или од центрите кои ја водат генералната европска политика дека нам таму ни е местото. Сметам дека денеска и преку заклучоците треба да се обединиме околу една нова идеја, а тоа е дека што побрзо треба да излеземе од ова друштво, затоа што и статусот кој го имаме не разликува од другите. Може да правиме серија на анализи кои ќе покажат дека имаше многу субјективни слабости. Јас жалам што не остана овде и претседателот на Владата, затоа што мислам дека оваа точка е многу побитна и оваа расправа е многу побитна отколку тоа дали денеска ќе го избереме министерот без портфељ во Владата.Требаше вечерва да постигнеме консензус, но консензус кој ќе биде продуктивен, онака како што пледираше господинот Жерновски да видиме во следните 6, или 12 месеци кои се оние проекти кои ние би ги иницирале овде во Парламентот како проекти за кои однапред ќе бараме и макотрпно ќе работиме на постигнувањето на консензус. Јас жалам што во клучната сфера околу која се водеа многу дебата во периодот додека бевме ние владеачка партија, додека ние бевме владеачка коалиција, а тоа е реформите во правосудството сега постигнуваме исклучително лоши резултати, односно 7 месеци не правиме ништо. И жалам што не е тука министерот за правда на кого не може како на младите министри од рангот на Милошоски, Еленовски, или Јанкуловска да им прогледаме некој пат низ прсти заради нивното неискуство не може да му биде простено тоа што ги забави реформите во правосудството. Може да обвинуваме еден, друг, или трет, може да ја обвинувате и опозицијата дека заради изборот на членовите на Судски совет не била доволно кооперативна, па ние да велиме дека ако побаравте однапред договор со опозицијата, многулесно можевте да го промените сето ова, но тоа не е битно. Ние треба да смогнеме сили од оние 10, или 15 дена што ни ги даде претседателот на Парламентот поминаа три дена и јас не гледам освен шпекулациите во новините дека ги приближуваме ставовите и дека можеме да го формираме Судскиот совет.

По второто крупно прашање во делот на реформите на правосудството, денеска бев пријатно изненаден кога видов дека доаѓа до судир на владиниот предлог како треба да изгледа новиот закон за јавно обвинителство и она што е фела, или еснаф, оние кои треба да ги спроведуваат тие реформи. Тука ние пратениците реално ќе се најдеме во една мошне

непријатна ситуација ако ваков предлог е веќе задоцнет. Ние во меѓувреме очекувавме да имаме предлог од министерот за правда барем Уставниот закон за спроведување на уставните амандмани да го пролонгирате, затоа што ние имаме сега вакум. До септември требаше да го донесеме законот за јавно обвинителство. Вака како што денеска тече расправата, јас верувам дека ниту септември 2007 година нема да го дочекаме подготвени, ако во овој момент нудиме сосема нов концепт кој отстапува од оној кој беше претходно договоран кој ги помина сите експертизи. Ако сега условно речено се инсистира по напуштањето на проектот да имаме странец за јавен обвинител, сега всушност се пролонгира еден поинаков принцип да имаме посебно јавно обвинителство во самото јавно обвинителство, односно одделот за борба против организираниот криминал да прерасне во еден посебен оддел кој ќе има таква моќ и таква сила што според она што го гледав денеска и според разговорите што ги имав со релевантни соговорници налата за потреба ако сакаме да ја зацврстиме улогата на јавното обвинителство не да посегнуваме по овој закон, туку паралелно со интенцијата да се засилат ингеренциите на јавниот обвинител веројатно ќе биде потребно да го измениме законот за Кривичната постапка каде што би му дале клучна улога во истражниот дел, во истражната постапка токму на јавниот обвинител. Сето ова го наметнува кај мене прашањето дали реално овие грешки ги правиме заради субјективни слабости или објективно нешто во овој наш систем на функционирање не е поставен на вистинските основи па продуцира ваква криза. Мора да признаеме дали тоа му се допаѓало некому, или не во салата реално Република Македонија и според онаа охрабрувачка изјава што ја добивме од Рига во овој момент се препознава како држава во која имаме политичка криза. И дефиницијата е многу едноставна, нема континуиран и продуктивен дијалог меѓу позицијата и опозицијата. Бидејќи во една изјава тоа беше при прославата, онаа спектакуларна прослава на 100-те дена од Владата, премиерот на Владата рече дека вистинското место каде што позицијата и опозицијата треба да го градат консензусот е Парламентот, а гледаме дека, со чест на исклучоци, сега на заменик претседателот на Владата, на министерот за надворешни работи кои ја слушаат до крај оваа наша дебата, не видов дека некој покажа, условно речено Владата дека сака овде да имаме отворен дијалог и да бараме заеднички излезни решенија. Бидејќи, повторувам уште еднаш, денеска повторно демонстриравме дека има кризи. Има криза затоа што кохабитацијата каков и да е претседателот во овој момент според мислењето на ВМРО ДПМНЕ и според мислењето на мнозинството граѓани на Република Македонија, сепак е легитимно избран претседател на Република Македонија кој има исклучителни надлежности токму за една од сферите за кои денеска говориме, а тоа е во делот на надворешната политика. И нашиот стратешки интерес ако е заеднички да бидеме посилни во исполнувањето на овие критериуми, јас барем до сега во изминатите три месеци колку што работиме во овој парламент не видов доволно јасно изразена политичка волја, освен што беше декларативна да ги измениме работите. Некои иницијативи кои сега се пројавија и кои веројатно ќе бидат пилот проект, дали можеме да функционираме поинаку веројатно се усогласувањата кои ги водиме околу новиот Деловник кој може да биде модел кој ако биде успешен треба да го патентираме како треба да функционираат позицијата и опозицијата. Во краен случај наметнувањето постојано на таа тема треба да не направи уште потрезвени независно кој, каде седи во овој момент. Затоа што почитувани колеги пратеници одговорноста е на Република Македонија, не е одговорноста само на Владата која ја предводи ВМРО ДПМНЕ, не е одговорноста само на претседателот на Владата, или на Парламентот, или на Претседателот на државата. Република Македонија во овој момент преку институциите ја претставуваат пратениците во Парламентот на Република Македонија.

Јас мислам дека е сега можеби вистинската шанса да се промени она што беше и веќе непишано правило по дефиниција пратениците кои ја поддржуваат владината коалиција да бидат само гласачка машинерија. Јас многу повеќе верувам затоа што многу поприсутни се овде пратениците отколку претставниците на Владата па со нив да изнајдеме механизам, да го промовираме, кој ќе биде продуктивен и во еден разумен рок ќе не извлече од овие проблеми кои во овој момент ги имаме. Тоа е во делот на правосудството, за што повторувам уште еднаш, носењето на нов закон за јавното обвинителство со оној придружен закон за Советот на јавните обвинители и изборот на Судскиот совет мислам дека во пресрет на преземањето на претседателството на Европската унија од Сојузна Република Германија ќе ни ги подобри шансите со една координирана амбициозна програма да работиме на она што е исклучително битно во овој момент. Тоа е барањето сојузници во Европската унија, која мора сите да признаеме, тоа е објективните околности, не е многу расположена во овој момент за понатамошно проширување. Егзистираат, мора да го признаеме тоа, не е вина ниту на ВМРО-ДПМНЕ, ниту на ДПА, ниту на НСДП силни лоби групи кои би биле пресреќни и Македонија да влезе во овој груг на држави од Западниот Балкан со кои полесно би се градело некој стратешки ѕид на партнерство отколку да се отворат вратите онака како што вели искрено и комесарот Рен, отворени се сеуште вратите за една Хрватска и Турција, а гледаме и таа Турција како условно ја држат за неа отворена оваа врата. Значи, имаме еден сериозен проблем. Многумина велат дека проблемите можеби ќе се искристализираат на подобро или на полошо по завршувањето на изборите во Франциај, вториот

столб на Европската унија, или можеби по промената во Ливершипот на Лабористичката партија во Британија каде што дефинитивно во овој момент, иако навидум заигра на единствената можна карта во делот на Европската унија на Германија нашата Влада, сеуште канцеларот Меркел без поддршка на своите сојузници од Париз и од Лондон не може да ја дефинира политиката на проширувањето. Ние мора да признаеме дека со нашиот, можеби на почеток однос кој им одеше во прилог на сознанијата, кои мора да признаеме ги имавме и ние, но тврдоглавоста и упорноста и аргументите кои ги имавме секогаш како аргумент ги отвораа вратите на Република Македонија.

Јас не сум од оние кој е песимист и кој ќе тврди дека упропасти се ВМРО-ДПМНЕ и оваа коалиција за три месеци, но направи серија на грешки од кои треба сега да извлече поуки. Треба да извлече поука во интерес на Република Македонија.

Прво, да извлече поука дека Република Македонија се наоѓа во едно турбулентно опкружување каде што заради кризата која ја имаме реално во регионот ќе биде исправена и Република Македонија пред сериозна криза. Ќе биде исправена Република Македонија пред кризата во која во овој момент ние сакаме преку изјавите денеска што ги слушнав од претседателот да се правиме и похрабри отколку што треба да бидеме. Да тврдиме дека независно каков ќе биде односот на контакт групата, каков ќе биде односнот во Советот за безбедност евентуалниот финален статус на Косово во овој момент онака како што се однесуваме нема да го дестабилизира регионот. Мислам дека имајќи во предвид како дававме претходно, условно речено, претпазливи изјави, преоптимистички е сега да тврдиме дека не може да се случи криза во регионот. Каков ќе биде односот на Република Македонија во таа криза. Имаме ли ние решение и во самата владина коалиција, подготвени се сите владини коалициони партнери да влеземе храбро да покажеме дека сме дел од меѓународната заедница и да градиме овде во Парламентот став бидејќи навести претседателот на државата дека во Советот за безбедност ќе се гледа прашањето на Косово, што мислам дека нас ќе не доведе во неповолна позиција, или во подредена позиција. Нашиот став кон Косово треба да го градиме овде во Парламентот. Ако го ставиме како тема на Советот за безбедност ќе испадне дека ние давајќи му на ова прашање безбедносен аспект веќе прејудицираме дека евентуалниот финален статус кој би бил во правец на независност ќе ја дестабилизира и Република Македонија и пошироко регионот.

Значи, од овие прашања, од нашата умешност како ќе се однесуваме со европските партнери ќе се гради и позицијата на Република Македонија како релевантен чинител во Западниот Балкан кој размислува поинаку од другите. Тој кредибилитет сметам дека сеуште го имаме бидејќи во делот на континуитетот, јас јавно го признав и покрај некои гафови што ги направи министерот за надворешни работи, кои ги припишувам како дел од неговото неискуство сепак имаме континуитет во надворешната политика, го задржавме стратешкото партнерство со САД, но и овде може да ни биде битно. Да не заборавите на посетата која беше во октомври мината година во Вашингтон ние лобиравме за воведувањето статус кандидат за членство на Република Македонија во Европската унија. Да не заборавиме дека во ова трансатланско или евроатланско сојузништво секогаш САД има многу поширум отворени врати отколку што во овој момент го имаме во Европската унија. Каква ќе биде улогата на нас пратениците, колку ќе бидеме активни идната недела во Европскиот парламент, што се ќе прави Министерството за надворешни работи, што се ќе прави претседателот мислам дека ќе беше многу добро да го имаме како тема во Парламентот веднаш на почетокот на Новата Година, кога евентуално би го промовирале и оној сојуз за Европа, што по дефиниција, онака како што потпишавме во Март 2005 година би требало да го води лидерот на опозицијата односно во конкретниот случај госпоѓата Радмила Шекеринска и на тој начин овде во Парламентот да се договориме за 10 точки, за кои ние ќе си дадеме задача дека треба да ги реализираме.

Јас мислам дека во 2006 година и они четири и пол критериуми кои ги исполнивме многу полесно ги исполнивме бидејќи ги имавме ставено на хартија и знаевме што се тие врвни приоритети. Од пет четири и пол имајќи предвид дека работевме не повеќе од три месеци се исклучително голем успех.

Би ги потсетил пратениците од владеачката коалиција, ние изборите ги подредивме токму на нашето европско или евроатланско утре. Ги ставивме да бидат во еден невообичаен термин со образложение дека последниот квартал од годината ќе биде чист простор каде што ние ќе покажеме дека сето она што треба да се направи во оваа клучна година за Република Македонија може да го направиме. Она што мене ме загрижува е што полека но сигурно и покрај напорите што ги прави заменикот претседател на Владата задолжен за евро интеграциите и напорите кои прави министерот за надворешни работи, чувствувам или можеби камо среќа да се лажам, во ово момент Европската унија не е наш приоритет. За жал, зошто така мислам?

Она што го спомена колегата Жерновски е само еден пример. Значи во овој момент наместо да говориме за десетте приорите кои мора да ги направиме во следните 6 месеци ние како што изминатите две недели се измачуваме овде во Парламентот да најдеме консензус за едно прашање, кое според мене не е приоритетно, јас почитувам дека ВМРО-ДПМНЕ доби поддршка од граѓаните да ја реализира својата програма, но може да се направи промена во редоследот. Ние во овој момент не е најбитно да ја губиме енергијата околу отпочнувањето на

иницијативата за промена на Уставот. Не е најбитно во овој момент да се додворуваме на дијаспората, иако не е спорно дека за тоа треба да разговараме, но дајте 2007, дали ќе бидат првите 6 месеци или ќе речеме целата 2007 да ја посветиме на овој наш врвен приоритет. Историска е шансата за нашиот влез во НАТО, а бидејќи се поклопуваат приоритетите и за Европската унија и за НАТО ние реално не треба да губиме енергија, не треба меѓу себе позицијата и опозицијата да создаваат тензија, како што е создадена во последните две недели. Ние може да замижуваме на фактите, може да замижуваме на фактите кога ќе играме фудбал или кога ќе си дофрламе во бифето или овде кога ќе наоѓаме поводи, како вчера на една наша колешка да и го честитаме дипломирањето и да создаваме позитивна атмосфера, но таа не е продуктивна. Не е продуктивна се до оној момент додека нешто заеднички што однапред сме го договориле не го реаллизираме во рок. Значи, координацијата што беше најголем проблем на оваа наша држава остана и до ден денес како рак рана на македонското општество.

**Бесим Догани:** Господине Бучковски, истече договореното време за дискусија, ве молам да привршите.

**Владо Бучковски:** Добро, јас ќе почитувам. Ми рекоа дека можам да говорам 30 минути, а сум говорел 20 минути, почитувам потпретседателе и ќе се обидам да финиширам.

Значи почитувани колеги пратеници да не се залажуваме дека вратата ја држат отворена за Република Македонија. Реалноста, реалниот оптимизам за кој говореше заменик претседателот на Владата Коневска - Трајковска говори дека вратата е отворена реално за Република Хрватска. За Турција да не се залажуваме, отворена е, но никогаш нема да биде широм отворена како за Хрватска. Дали ние ќе успееме во клучната 2007 година да го фатиме чекорот со Хрватска и заедно со нив да бидеме поканети за НАТО, дали ќе успееме да се наметнеме со нашите резултати и со продолжувањето на реформите по кој знае кој пат да ја искористиме фразата зависи се од нас. И како никогаш досега мислам дека ќе биде битна улогата на Македонскиот парламент. Ако во изминатиот период можеби не вреднувавме што се направи Парламентот од 1998 до 2002 година кога влезе во уставните амандмани за имплементација на Охридскиот рамковен договор, или ако доволно не вреднувавме што направија претходниот состав на Парламентот од 2002 до 2006 година за отпочнувањето и завршувањето на добар дел од судските реформи за кои беше неопходно промената на Уставот во овој момент мислам дека ние како трет парламентарен состав кој треба да биде континуитет во напорите да оствариме една историска победа за Република Македонија можеме да го завршиме полесниот дел, а тоа е да имплементираме дел од овие реформи и да покажеме дека континуираниот дијалог меѓу позицијата и опозицијата може да биде продуктивен.

Благодарам за вашето внимание.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Продолжуваме со работа.

Има збор пратеникот Борис Кондарко. Повелете.

**Борис Кондарко:** Ви благодарам почитуван потпретседателе.

Почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата на Република Македонија,

Денеска кога е на дневен ред Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија во нејзиниот пат кон полноправно членство и спроведувањето на реформите можам да извлечам две генерални констатации или два контрасти на овој Извештај.

Прво, овој Извештај пред се е објективен и реален одраз на она што навистина се случуваше, се постигна, или не се постигна во Република Македонија. Во секој случај преовладуваат позитивните моменти за многу свери од спроведувањето на реформите. Меѓутоа сепак има и одредени забелешки пред се кои временски коинцидираат, тоа се како може да се забележи во нивната содржина со периодот на работење на новата Влада на ВМРО-ДПМНЕ и неговите коалициони партнери. Пред се тука ќе ги издвојам смените во администрацијата и немањето на дијалог односно комуникација со опозицијата.

Исто така, во периодот за време на работењето на оваа нова Влада се случија, после кампањата од 100 дена без скандали и без афери веднаш после 100 и некој ден се случија неколку скандали и афери кои не стигна новата Влада да ги стави во својот рекламен спот. Се надевам дека доколку се случеа порано, за жал, не сакам да бидам погрешно сватен дека ќе имаше доблест да си ги признае и да ги расчисти, што досега не е случај, а новата Влада ја има одговорноста за тоа.

Сепак, овие делови од Извештајот, овие контрасти за споредба се, за пример како за една година во една држава може да се спечали, да се направи, да се постигне многу, се разбира со сите објективни слабости, пропусти и забелешки што се наведени во Извештајот, меѓутоа сепак како една позитивна слика, а за еден месец како може сето тоа да се растури и таа слика да биде оцрнета односно со неколку постапки, со неколку скандали и афери сето тоа да падне во вода и пак да мораме сите заедно да почнуваме од почеток. Велам сите заедно, затоа што со овие извештаи не се вреднуваат влади, туку се вреднуваат држави. Тука спаѓа и опозицијата и затоа со право ние како СДСМ и како опозиција сме загрижени за напредокот на нашата заедничка држава.

Инаку, новата Влада реално има проблем да го продолжи процесот на евроинтегрирање. Сеуште нема побарано почеток на преговорите за членство во Европската унија. Имаме една изјава

на германскиот амбасадор во Европската унија кој што го потврдува тоа дека Република Македонија воопшто тоа не го побарала досега. Се прашуваме зошто. Дали е тоа безидејност, дали е тоа немање концепт, дали е тоа можеби немање на приоритет што е многу симптоматично, бидејќи еден од главните постулати на кампањата на ВМРО-ДПМНЕ беше токму тоа како приоритет на државата и како континуитет на она што го направила претходната Влада. Значи заеднички акционен план. Меѓутоа праксата покажува нешто друго. Наместо Европската унија и НАТО новата Влада или ВМРО-ДПМНЕ прво има за приоритет да завладее со Република Македонија, да воведе страв кај граѓаните и така полесно да ги остварува своите партиски, политички интереси. Се сеќаваме сите заедно на една од првите изјави на новиот премиер уште на почетокот на септември кога запрашам за европските перспективи и очекувањата во врска со тој процес на Република Македонија едноставно не знаеше што да одговори и остави онака апатично на времето. Кога - тогаш ќе ни се случи тоа, без конкретна иницијатива, без конкретна акција или преглед на ситуацијата. Значи, остави впечаток дека навистина на оваа Влада тоа и е во втор план, што е загрижувачки и понижувачки за Република Македонија и што претставува девалвација на целокупниот напор што во изминатите години е правен, целокупниот напор и напредок. Значи, дали од друга страна таквиот став на премиерот значи не само во таа изјава, туку и во многу други потоа на еден начин спуштање на очекувањата во јавноста и пред граѓаните, затоа што во недостаток на аргументи и при нереални ветувања очигледно во судирот со јавноста не излегуваат сметките и ветувањата од кампањата во реалноста. Значи тоа е сигнал на немање на самодоверба во сопствените капацитети, немање на цврста решеност и енергија да се истрае во тој макотрпен процес и немање способност да се понесе одговорноста од тоа и да се влезе во коштец со проблемите, односно да се понесе товарот на реформите што треба да се направат кон исполнувањето на оваа цел.

Она што новата Влада го затекна на овој план беше еден вид отскочна даска што навистина беше добро и за Република Македонија, но пред се ќе одеше во прилог на контото на успесите на новата Влада, меѓутоа не ја искористи, барем засега не таа шанса новата Влада. Значи, имаше една чиста ситуација и отскочна даска да продолжи натаму, затоа што многу работи беа веќе трасирани и требаше да се продолжи по патот кон заедничкиот и европски успех и напредок. Меѓутоа за да се менаџира еден таков процес и да се прават таков тип на реформи треба еден поширок консензус во државата кој недвојбено го има помеѓу политичките партии и за Европската унија и за НАТО, меѓутоа со политиката и пристапот кој го има новата Влада некако ја отурнува од себе таа поддршка што сакаат и опозиционите парти, бидејќи тоа е заеднички проект на нашата држава, ја оттурнува од себе бидејќи нема пристап во менаџирањето на тој процес. Нема пристап затоа што не сака да ја консултира и да ја вклучи опозицијата во многу проекти за кои треба Владата да добие реална поддршка. Тоа е слабост на оваа Влада, што е евидентирана и во Извештајот на Европската унија.

Наспроти тоа, се прикажува една тенденција на новата Влада на манифестирање и на манири на апсолутизам. На пример, се заговараат многу законски проекти, како што се, на пример, промените во Изборниот законик каде што треба да гласаат од дијаспората, промените на Уставот, на пример за средното образование, задолжителното средно образование, оние шпекулации кои се вртат дека се сака да се зголеми моќта на премиерот и да се смени од корен политичкиот систем каде што премиерот евентуално би можел да го распушта Собранието и т.н.

Значи, има многу примери и други закони кои ќе ви ги наведам сега кои што се од таков карактер кои се многу важни за овој процес на евроинтеграции што треба да ги спомнеме како услов, а новата Влада не ја вклучува во процес опозицијата. Значи, тука е пред се - ќе почнам од Собранието - собранискиот Деловник, потоа изборот на Јавниот обвинител, Законот за јавното обвинителство, Законот за полиција, Законот за спречување на корупција, изборот на Судскиот совет, Законот за празници, Законот за здравствена заштита и здравствено осигурување, Законот за политички партии, задолжителното средно образование па и да завршам и со декларациите за пост Рига периодот за членство во НАТО. Се подразбира дека основното правило во демократијата е дека мнозинството одлучува. Меѓутоа, исто така е демократски за некои клучни проекти да биде вклучена или прашана опозицијата. Оваа Влада тоа не го прави и затоа реков дека покажува апсолутистички манири, односно дека својата власт ја сфаќа според една надмината дефиниција дека законот односно правото е волја на владеачката класа издигнато на степен на закон. Тоа е лош пристап и затоа во делот на забелешките на извештајот каде што се критикува немањето на дијалог и комуникација со опозицијата, мене ми наликува на една рововска борба или тактика на изненадување што во последен момент Владата ќе одлучи нешто па ќе го сервира во јавноста или се прават некои, се измислуваат некои измени на закони како алиби кои ќе послужат како влез во некои други политики што сака да ги протурка Владата. Значи, воопшто не е добра таа политика на изненадување. Тоа го имавме како пример со непочитувањето на собраниската процедура, наметнување на некои точки на дневниот ред или прескокнување на некои процедури, односно нивна злоупотреба. Тоа го имавме со поднесувањето на амандмани кај Законот за спречување на корупцијата, каде што една од

работите во која се колнеше новата власт дека ќе се бори непристрасно и неселективно против корупцијата, го врати статусот на старо, практично немавме никаква реформа на членовите на Антикорупциската комисија, наместо да бидат професионалци останаа како и досега. Значи, не може корупцијата да исчезне со смената на власта. Како што гледаме со неколку спектакуларни маркетиншки или каубојски акции не исчезнува корупцијата, или, барем не претставува тоа неселективна борба против корупцијата. Значи, гледаме што во Република Македонија се случува со аферите, со оружјето или со аферите со дискотеката "Процес". Афери или скандали, сеедно.

Ние од една страна се декларираме дека прв приоритет, особено после охрабрувачките позитивни оценки на Самитот во Рига ни е зачленувањето во НАТО, и во Собранието предлагаме донесување на декларации, а од друга страна на теренот ни се случува, или во реалноста, нешто друго. Значи, не е проблемот во декларациите. Не сакам воопшто да го омаловажам донесувањето и значењето на декларациите што ги донесува Собранието како јасно манифестирана волја и т.н., од политички аспект, меѓутоа, сепак е тоа само декларација. Реалноста е нешто друго. Како ќе им објасниме на нашите пријатели во НАТО она што ни се случи со оружјето, или мислите дека тоа ќе се покрие или ќе се замаскира со една декларација за која патем речено, како власт, бидејќи ја имате таа обврска, вие сте одговорни за демократскиот дијалог, процеси и политичкото милје и амбиент во земјата, не можете да се усогласите за еден воедначен и заеднички текст да излезе во ова Собрание, па мораме ние како опозиција несебично, неместо да си гледаме сеир и да го зголемуваме нашиот политички рејтинг вам да ви помагаме за да не се брука Собранието и за да не се брука државата. Сепак, и опозицијата е одговорна за тоа, меѓутоа, поголемата одговорност за менаџирањето на овие процеси ја имате вие како власт.

Понатаму, наредна точка од Извештајот се смените во администрацијата. Ќе цитирам една реченица: "Механизмите за подобрување на професионализмот и одговорноста, како и гарантирањето на независноста и политичката неутралност треба целосно да се спроведат. Единствената одлука донесена во септември да се заменат голем број на службените лица во министерствата и државните органи покажа дека политичките промени сеуште имаат големо влијание. Овие одлуки влијаат врз службениците во администрацијата, поставени на високо и средно раководно ниво и се спротивни на системот на унапредување врз основа на заслуга". Овде е се јасно кажано, значи нема ништо меѓу редови. Ова е адресирано се знае на која адреса, меѓутоа, не го дебатираме ова за да покажеме само со прстот кон вас дека вие сте лоши и вие не чините или дека ние сме биле подобри. Ова го говориме затоа што доколку вакви работи ни се провлекуваат, во иднина, ќе тонеме и ние како опозиција заедно со вас и нема да имаме перспектива како држава, затоа што утре и да се смени власта овие проблеми ќе останат. Значи, по автоматизам проблемите во една држава не се решаваат само со смената на власта, туку со искрената намера таа Програма за која вие ја добивте довербата да ја спроведете. Затоа што впрочем и во Извештајот се вели дека најмногу се признаваат и ценат реализираните или спроведените проекти или реформи, а кампањата на оваа Влада барем до сега се сведе, иако можеби времето од 100 дена е објективно кусо, меѓутоа, не може реформа да биде и да се каже започнавме ова, започнавме она или ќе направиме ова или она. Сепак, тоа се популистички методи за додворување на граѓаните за она што тие сакаат да го слушнат. Меѓутоа, периодот од 4 години пред вас е многу и се плашам дека со таквите нереални ветувања не само што вие ќе заглавите како Влада, меѓутоа, ќе заглави Република Македонија затоа што од некои такви процеси ќе немате излез.

Понатаму, овде, покрај овој цитат за смените во администрацијата, за незаконскиот начин и непроцедуралниот начин на кој е спроведена таа постапка, веројатно ќе следуваат и тужби. Значи, се работи за огромен број судски процеси кои по примерот на оние што се водеа од 1998 година за такви и слични смени и чистки за она што го правеше власта на ВМРО-ДПМНЕ од 1998 до 2002 година, веројатно и сега ќе се повторат такви работи и после кога ќе дојдат тие тужби за извршување и за наплата од Буџетот, немојте да се чудите и да давате изјави дека тоа е некој заговор, дека тоа е некој криминал или дека се тоа некои незаконити дејствија, а министерот за финансии незнаејќи ја процедурата да открива мокра вода и да вели дека на судските рочишта ќе испраќа претставници од тие институции што се должници. Во Законот и сега тоа право е предвидено. Зошто институциите не се грижеле да го заштита својот интерес, тоа е веќе нивна одговорност и тоа е сосема друго прашање.

Извештајот говори дека новата Влада сака да ги прикаже како реформа и некои работи кои реално се уште не се остварливи или немаат перспектива да бидат реално остварливи. Во целиот овој период тоа звучи убаво, тоа звучи одлично, меѓутоа, не заборавајте дека во моментот кога ја имате најголемата популарност или кога мислите дека сте најмоќни, дека всушност тогаш можат да дојдат до израз и вашите најголеми слабости.

Затоа, на крајот мислам дека е добро Владата да се свести и дека после изборите на 5 јули улогите во Република Македонија се сменети, дека не може Владата во недостаток на аргументи да ја обвинува или да се затскрива зад опозицијата дека таа лошо работела. Владата за да биде наредната година подобар мора да ја преземе одговорноста сама на себе. Обврската е заедничка и на опозицијата, успехот исто така би

бил заеднички, меѓутоа, одговорноста е на власта.

Затоа, бараме од вас да не не посрамотите и вас и нас и да не ја посрамотите Република Македонија. Значи, никаде ниту се чуло ниту се видело во една држава опозицијата да биде виновна за нешто. Доколку сметате дека има некои неправилности и незаконитости, ги имате сите механизми на власта во законита постапка тоа да го покажете, спроведете или осуетите. Во спротивно, вие сте или соучесници на тоа или немате искрена желба да ги исправите тие процеси во Република Македонија. Напротив, ќе помислиме дека сте дошле на власт да ги задоволите своите партиски интереси, а не да направите нешто подобро за Република Македонија. И не може секој пат кога немате аргументи да велите " Држете го крадецот". Подобро и за оваа Влада, ќе добие повеќе на карактер и ќе добие повеќе поени доколку во даден момент ги признае своите слабости. Значи, немојте по секоја да настапувате одбранашки, затоа што тоа е политика на краток рок, политика која во перспектива не и носи ништо добро на Република Македонија.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Кондарко.

Продолжуваме понатаму. Има збор пратеникот Оливер Спасовски.

Повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Почитувани претставници на Владата, дами и господа пратеници,

Дозволете ми и јас да го искажам своето мислење по ова значајно прашање, пред се и моето задоволство што одлучивме да седнеме и за прв пат да поразговараме за оваа значајна тема, за која сите декларативно и суштински искажуваме дека е една од најзначајните стратешки интереси на Република Македонија.

Република Македонија уште во периодот на нејзиното осамостојување 1991 година почна да се движи напред како држава која го напушти големото балканско семејство и како држава која сакаше да изразне во една модерна правна демократска држава, онака како што посакуваат нејзините граѓани. Од самиот почеток и граѓаните на Република Македонија и владите што беа во тој период навистина работеа макотрпно на остварување на оваа цел. Меѓутоа, во целиот овој период се наидуваше на негативности и одредени слабости во овој транзиционен период, кои ги согледувавме и се дојде до заклучок дека навистина мора нешто да се промени, мора радикално да се тргне напред кон реформирање кон она што значеше забрзување на овој процес на интеграција на Република Македонија во Европската унија како главна стратешка цел. Токму тргнувајќи од овие слабости кои беа објективни, меѓутоа често пати и субјективни, и граѓаните и Владата во периодот посебно по 2002 година преземаат низа чекори кои ќе значат забрзување на реформите во сите сегменти, за да можеме да ги оствариме нашите цели. Токму таа посветеност и работа, поддршката што ја нудеа граѓаните на Република Македонија, продуцираше со поднесување на барање за членство во Европската унија, доделување на Прашалникот, искрена посветеност во работата околу одговорите, негово навремено завршување, предавање во Европската комисија, позитивното мислење кое беше дадено и т.н. Меѓутоа, исто така и во овој период Република Македонија се соочи со крупни и многу значајни прашања, кои за релативно краток период требаше да ги реализира, односно да спроведе реформи кои Европската унија ги истакнуваше како услов за кандидатскиот статус. Тука пред се би ги спомнал територијалната организација, реформите во судството, доследното применување и почитување на Рамковниот договор или јас би рекол на Уставот на Република Македонија, зачувувањето на мирот и безбедност и нивно унапредување, како прашања кои требаше и мораше да најдат решение односно македонската Влада да најде решение. Разумните македонски граѓани, оние кои искрено посакуваа Република Македонија да успее во реализирањето на реформите, како и нејзиното што побрзо приклучување кон Европската унија, застанаа цврсто и помогнаа на Владата да го оствари сето ова, иако имаше и такви кои не го посакуваа тоа, предизвикуваа одредени ситуации со кои даваа до знаење дека не сакаат да ја видат Република Македонија како дел од европското семејство, не сакаа да ја видат Република Македонија како понапредна држава. Меѓутоа, Европската комисија не подлегна на ваквите провокации и навистина донесе една мудра, паметна но и праведна одлука, која беше насочена пред се кон искрените напори и на Владата и на граѓаните на Република Македонија овој процес навистина да го забрзаме. Токму како резултат на една ваква наша посветеност, зборувам на сите граѓани и впрочем како и голема одговорност, Европската комисија го објави мислењето во однос на Прашалникот и во тоа мислење се препорачува доделување на статус кандидат за членство во Европската унија. Мислењето говори дека Македонија има стабилни и демократски институции кои правилно функционираат, ги почитуваат границите на своите надлежности, но притоа соработуваат меѓу себе, дека постои функционална демократија која гарантира владеење на правото и почитување на основните човекови права.

Исто така, треба да се напомене дека Република Македонија во овој период успешно ја спроведе законодавната агенда која беше зададена со Охридскиот рамковен договор и се придонесе за клучни политички и безбедносни подобрувања во земјата. Меѓутоа, останаа уште многу отворени прашања, прашања на кои ќе треба целосно да бидеме посветени, пред се целосна примена на законодавството, да се вложат особени напори во изборниот процес, реформата во полицијата, судството, борбата против корупцијата и

организираниот криминал. На целата територија на Република Македонија да се воспостави владеење на правото, да се обезбеди навремено спроведување на стратегијата и Акциониот план за реформа во правосудството, да зајакнат институциите на системот, независноста на судството, како и да зајакне воопшто целокупниот капацитет на овој правосуден систем. Позитивниот одговор беше и предизвик за Владата да продолжи и да се посвети максимално на овие работи, што впрочем како политичка поддршка ни се додели кандидатскиот статус. Тоа беше едно големо признание, голема радост и гордост за сите нас но и голема историска одговорност. Меѓутоа, носеше и сериозни обврски кои треба да бидат реализирани.

На 5 јули оваа година граѓание одлучија да се направи промена на власта, меѓутоа, сигурно да продолжиме по истата агенда со уште позабрзани чекори.

Иако јас и во говорот што го имав при конституирање на оваа Влада искажав резерва, пред се кон демокатските капацитети на Владата и реформските капацитети кои ги има за да продолжиме со едно такво темпо кон остварување на целиот овој процес. Едно знаеме, а тоа е, навистина Владата на Република Македонија во овој период многу енергично и забрзано ќе започне кон целосно преземање на власта, смена во сите сфери од македонското општество. Меѓутоа, мислев дека со исто толку енергија и со исто толку елан како што имаше за преземање на власта, ќе работи на полето на остварувањето на оваа стратешка цел за Европската унија, се до оној момент додека господинот Груевски не кажа дека навистина 2007 година ќе биде година во која ќе трчаме по датумот за преговори, или ќе одработуваме. Остави еден простор во кој драгоцено си го губиме времето барем за овие приоритети, а се занимаваме со самите себеси.

Иако во овие 100 дена од Владата, па се направи после тоа една голема фама за успесите кои беа постигнати, за резултати, презентации по медиуми и тн., сепак мислам дека постоеја одредени резултати кои веројатно намерно не ги прикажуваа во ваквите нивни изјави, коментари, а сепак беа набљудувани и надгледувани од страна на оние кои требаа да не надгледуваат во овој процес на интеграција. Главните забелешки навистина, можеби е добро што овој Извештај е само за до 30 септември оваа година. Ако беше за овој период ќе имавме уште поголеми забелешки, посебно онаа околу политичкиот дијалог што постојано парламентарната опозиција укажуваше овде во собранието, а парламентарното мнозинство ни замеруваше дека постојано се повикуваме на одредени процедури, се покажа дека е факт кој во Република Македонија постои. Или немавме политики дијалог по одредени значајни прашања, или пак глумевме дека има одреден политички дијалог само да седнеме да разговараме, а пак да се спроведе така како што замислува парламентарното мнозинство. Тоа не е во интерес на Република Македонија и тоа не е во интерес на европските перспективи. Впрочем тоа ни го кажа и во Извештајот.

Исто така европска перспектива на Република Македонија е создавање на професионална и ефикасна државна администрација, не партиска државна администрација која во овој период сме сведоци дека има за цел да се вршат промени, со тоа да го нарушуваме принципот на професионализација со цел што е можно повеќе сопствени луѓе, партиск членови на партиите од коалицијата да влеземе во државната администрација и притоа како да не разбираме дека тоа е еден од основните приоритети за Република Македонија.

Исто така една од основните заложби за зачувувањето на мирот, безбедноста и стабилноста на Република Македонија, сигурноста на граѓаните, навистина мислам дека за негово унапредување воопшто не придонесовме заради тоа што, пред се она што се случи во МВР, со тотална партизација и смена на сите ешалони, а резултат на сето тоа е ова што ни се случува на НОТА ФЕСТ, ова што ни се случува во "Процес", што ни се случуваат постојано инциденти неколку недели наназад, меѓутоа уште пострашно е ако сите овие инциденти не добијат сопствена завршница. Јас искрено посакувам, а верувам и граѓаните на Република Македонија, премиерот заедно со членовите на Владата, така како што ги соопштува сите информации во однос на Владата дека ќе застане на говорницата и ќе ги каже виновниците за овие инциденти кои ќе сносат одговорност. По тоа ќе не цени Европската комисија, по тоа ќе добиваме позитивен напредок кон овие процеси.

Исто така еден од основните приоритети е создавање на независно судство во Република Македонија. Започнати и тоа со многу брзи чекори реформи во судството, во овој период не се забавени, туку застанаа, дури одредени сегменти ги уназадуваме, ја оставивме Република Македонија без државен јавен обвинител, на што укажуваше опозицијата во овој период дека ќе настане вакум, одложивме расправа по избор на членови на Судскиот совет што значи дека не покажавме ниту минимум политичка волја за доследно спроведување на овој принцип и со тоа да ја оствариме нашата заложба. Од сето тоа ќе оставиме времето да го покаже своето, иако тоа веќе почна да говори. Ако продолжиме вака не треба да не зачудуваат и нови одговори кои нема да ни одат во прилог, зборувам на Република Македонија, не само на Владата. Тие едноставно ги следат сите наши потези, иако мислиме дека ништо не забележуваат.

Не кажавме дека продолживме со непосредните спогодби. Тоа го забележуваат и не ценат по тоа. Не кажавме и за многу други работи, меѓутоа критиките кои се упатени се доволен показател

деканема напредок во спроведувањето на реформите. Затоа Владата ќе треба повеќе да работи на тоа поле, да покаже поголема одговорност во овој дел и целата оваа дебата што ја отворивме на иницијатива на СДСМ, ја гледам во функција на согледување на слабостите, пред се од Владата и да биде поука во натамошниот период каде се слабостите и каде треба да обрнеме поголемо внимание, ако сакаме да оствариме агенда која си ја зададовме, не тоа да остане декларација, не тоа да остане само празно ветување кое го дадовме пред граѓаните на Република Македонија и ја земавме одговорноста. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Спасовски.

Збор има пратеникот Теута Арифи.

**Теута Арифи:** Благодарам почитуван господин Догани, почитувани пратеници.

Да расправаш, да држиш говор по еден Извештај кој е испратен од една толку значајна институција како што е Европската унија и кој Извештај е за нас, е прашање на одговорност, прашање на политичка одговорност и истовремено општа одговорност кон културните вредности на Европската унија. Затоа, поаѓајќи секогаш од начелото дека идеите на Европа и на Европската унија се повеќе отколку една политичка идеја, сакам само овој мој говор пред вас, во оваа прилика да го почнам со една реченица на креаторот на денешната идеја на Европа, Роберт Шуман кој вели дека вистинскиот европски дух е познавање на реалностите, можностите и обврските на едната и на другата страна, без разлика на границите, без разлика на непријателствата, без разлика и на нашите омрази. Така би говорел креаторот на идејата на обединета Европа, Роберт Шуман. Меѓутоа, каде се тие земји и каде се тие општества во кои нема непријателства и омраза. Нема такви. Меѓутоа големи се тие земји и силни се тие општества кои имаат сила и да ги надминат истите. Обединета Европа го постигна ова во една тешка фаза и во една своја долга историја, дотолку повеќе во стратегијата за проширување на Европа, меѓу другото се кажува зошто Европа го изгради концептот на своето проширување. Во овој стратешки план се убаво ни кажуваат нам, на другите кои сакаме да претндираме за нешто што не сме. Тие сакаат јасно да покажат, да кажат дека проширувањето е европска понуда за глобална стабилизација, дотолку повеќе за една стабилност во која Европа сака да ја игра улогата. Меѓутоа, почитувани пријатели Европа веќе не е толку ентузијастичка во својата безбедност. Како да и престана ентузијазмот гледајќи луѓе, општество и држави кои се помалку ентузијасти да станат Европа, а повеќе да станат нешто повеќе од тоа што се. И во овој пад на европскиот ентузијазам колку имаме сила ние да покажеме дека сме нешто повеќе и колку имаме сила да покажеме дека сме излегле самите од себе и до каде сме стигнале и дали сме направиле нешто во градењето на нашата Европа.

Дами и господа, Европа не е збир на желби, не е збир на убави зборови, туку е збир на изградени вредности со дела. Затоа Извештајот на Европската комисија кој Извештај го дебатираме денес тука, говори за нас и говори за тоа колкава е нашата готовност да бидеме дел од Европа. За жал, од овој Извештај кој изгледа како една сува книга, може да се констатира дека сме далеку од неа.

Сега една година после стекнувањето на статусот на земја кандидат, за жал, година потоа, нашата земја не успеа да добие датум за отпочнување на разговори со Европска унија. Тоа е доволен сигнал дека има некои работи кои не одат како што треба кај нас, има некои работи кои треба да се третираат со максимална сериозност. Мислам дека треба да пристапиме внимателно токму на првиот дел од Извештајот, делот кој е наменет на политичките критериуми, делот во кој се напишани, подвлечени, поголемиот дел од критиките кои ни се наменети.

На страна 7 од овој Извештај на дециден начин се нагласува дека зголемените тензии меѓу политичкото парламентарно мнозинство и опозицијата постојат и на овој начин се бара на овие тензии мнозинството да им пристапи со потребна сериозност. Во овој момент во дел од Извештајот овие тензии Комисијата ги сфаќа сериозно.За жал, почитувани колеги, актуелната Влада, посебно водечката партија на оваа коалиција ВМРО-ДПМНЕ ја игнорираше волјата на мнозинското албанско население и со тоа отвори пат на политичка криза за која се повеќе се говори во разните меѓународни извештаи за Македонија и ние не можеме да кажеме дека сме посебно задоволни со ова затоа што во прв ред овој Извештај кој е наменет за сите, а не само за некои политички партии, без оглед колку тие партии може да бидат претенциозни и да сакаат да станат држава. Меутоа не се.

Во Извештајот на Европската комисија, на Владата и се дава уште една друга сугестија во делот каде се нагласува дека ќе беше суштинско на Владата да бара консензус во еден дел од реформите кај опозицијата, поради спецификите, како што се вели, на политичкиот модел и во интерес на политичката стабилност.

Почитувани дами и господа токму тие се спецификите на политичкиот модел кој бара консензус, кој го прават граѓаните со своите гласови. Тие кои на арогантен начин ги игнорираа спецификите на политичкиот модел кој се заснова врз етнички баланс, признаваат дека вакви извештаи од Брисел не ни служат нам.

Во овој Извештај се бара поставување на канали на комуникација, позиција-опозиција, посебно за прашањата кои бараат двојно мнозинство. Кои контакти ги воспоставивте, почитувани господа од мнозинството? Го игнориравте Комитетот за меѓуетнички односи. Овој Парламент е активен во еден период од четири месеци, а овој Комитет

има одржано само една седница на која седница одлучи дека Законот за полиција не се гласа со Бадинтерово мнозинств. Зарем нема други теми од меѓуетничките односи кои заслужуваат да бидат третирани од овој Комитет, зарем еден Комитет кој треба да обезбеди баланс и етничка расправа, заслужува да се деградира на овој начин.

Не ги излгасавме предлозите за Судскиот совет. Не ги изгласавме затоа што направената пресметка не излегуваше во Парламентот затоа што не излегуваше пресметката на она што се нарекува Бадинтер. Дами и господа, со ова само сте докажале дека не сакате договор, разговори и компромис за овие теми, затоа што сакате под секој услов да ја наметнете само вашата волја. Јас сакам да ви кажам дека не е потценување и не е срам да се седне, да се разговара и да се направи компромис заради иднината на својата земја.

Историјата покажува дека големите државниц и, големите државни водачи и лидери имале сила и скромност за овие работи и тоа ќе го видиме. Затоа, како еден пат на излез од оваа ситуација за која ние мислиме дека не е за доброто на земјата, ниту на граѓаните. Сметаме дека треба повторно да се разгледа Уставот на земјата и истовремено да се предвиди и избор на Владата со начелото на двојното мнозинство.

На страна 8 од Извештајот се говори за улогата на Народниот правобранител, во делот каде многу јасно се бара авторитетите да ги спроведуваат утврдените интереси на Народниот правобранител. Со жалење морам да констатирам дека не е на потребно ниво и не со чувство на одговорност кон оваа институција.

Од информациите кои ги имам, продолжува неодговарањето и често пати не добрата комуникација кон оваа значајна институција која, без малку четири пати се употребува во овој Извештај, за нашата земја. Мислам дека тоа не се прави случајно.

Во Извештајот јасно се нагласува дека е неприфатливо и незаконски менувањето на стотиците раководители во администрацијата, само со една колективна одлука, чекор кој покажува уште еднаш дека оваа Влада, за жал, не се ослободува од логиката на минатото во која вината и многу други работи се разбираат колективно. До колку се засноваме врз начелата на десничарска коалиција, како што претендирате, колективизмот не би одел заедно со оваа ваша филозофија.

Во делот каде се говори за децентрализацијата се нагласуваат потешкотиите со кои се соочуваат малите општини, со посебен нагласок на ниското финансирање во секторот на основотно образование, што во Извештајот се вели дека може да биде загрижувачко за процесите на зголемувањето на образовните процеси и нивно издигнување и образованието на новите генерации.

За жал, актуелната Влада, наместо да обезбеди посилни проекти за поддршка на основното образование, изгледа стратешки е повеќе заинтересирана да ги менува директорите на селските училишта, отколку инфраструктурата и да наметне една поголема модернизација во образовниот процес, што би помогнало модернизирање на едно општество.

Судскиот систем во едно посебно поглавје за политичкиот дел и политичките критериуми е посебно нагласен. Се навестуваат и посочуваат како позитивни уставните промени кои што се донесоа во минатиот состав со еден договор и политички консензус. Меѓутоа, доколку во минатиот мандат се успеа да се постигне договор токму за поддршка на иманентната потреба на овие реформи, всушност на почетоците на овој состав не се покажува реформирачки пристап кон процесот на судството и ова се гледа од процесот на расправата и со процесот на изборите кои што се понудија тука за РСС, со фактот што долго време нашата земја нема државен обвинител, и со фактот за спречување на сите процеси што се имплементација на она што е голем проблем за многу обврски кои што би биле, затоа би рекла дека се дел од Програмата понудена од ова Влада.

На стр. 12 од Извештајот се говори за делот за кој што јас мислам дека е многу значаен, а тоа се граѓанските права и политичките права. Се подвлекува аспектот на полициската етика, транспарентноста при именувањето во полицијата, се подвлекува и нагалсува дека сеуште е многу нејасно што е тоа и како се употребуваат, а јас би рекла се злоупотребуваат информативните разговори во полицијата и сите овие работи за кои што ние, доколку не грешам, речиси еден месец ги повторувавме редовно во расправата по Законот за полиција. Но, за жал, не се земаа предвид. Сега се гледа дека сме биле во право.

Се надеваме дека, бидејќи не се земаа во предвид нашите сугестии тогаш, поради политички инает , се надеваме дека ќе ги земете предвид сугестиите на Европската комисија, со тоа што ќе служат на добро и на граѓаните што ги претставуваме и вие и ние и ќе служат подобро на демократскиот процес или пак на европизацијата на себе си и на нашиот менталитет.

Глобалните прашања, што се однесува до образованието на што се посветува едно цело поглавје, се говори за зголемување на претставувањето, на застапувањето на етничките заедници на универзитетите во земјата, а исто така се нагласува, се подвлекува дека ова одигра улога, позитивна во универзитетската политика во последните години. Зошто да не кажам, сакаме уште еднаш да подвлечеме, доколку процесите на високото образование биле позитивни, да подвлечеме уште еднаш дека интервенцијата во Државниот универзитет во Тетово била незаконска интервенција и неуставна интервенција. Мислиме дека на ваков

начин на интервенирање не се помага или се повредува автономијата на институциите кои би требале да обезбедат слободно мислење и треба да обезбедат потолерантен простор, во крајна инстанца треба да обезбедат и критицизам и несогласување на студентската генерација, а тие да не плаќаат за тоа. Мислиме дека тоа е право и дека е демократски.

Доколку немаме малку критицизам, несогласување на студентската генерација, каде тогаш тоа ќе го бараме? Во овој документ се бара продолжување на дијалогот и на концензусот, се вели во духот на Охридскиот рамковен договор.

Почитувани колеги од 9,30 часот утринава, до почетокот на седницата на Комисијата за европски прашања дебатираме цел ден за духот на Охридскиот рамковен договор, дали треба да биде дел на некој документ или дел од заклучоците на оваа расправа или не. Доколку во буквална смисла не се внесе духот на Охридскиот договор, како нова форма на политичко градење на нашата земја, и тоа не најде место во овој документ тоа не треба да биде во нашите документи, туку напротив, само ќе дадеме позитивен сигнал.

Верувам дека во овој дух и ние треба да пристапиме кон темите што останале отворени од Охридскиот договор. Посебно прашањето на употребата на албанскиот јазик, со што само ќе покажеме, доколку постапиме во духот на Охридскиот договор и во смисла на поширока употреба на албанскиот јазик, уште еднаш ќе покажеме дека имаме европска култура, многујазичноста и дека, доколку Европскиот парламент без проблем на пишан и говорен начин функционира со над 15 јазици, ние тоа можеме да го направиме добро само на два јазици. Колку да се почне патот кон Европа.

Од причина што почитувани пријатели, секој пристап што би го направиле кон ова прашање на индивидуален начин и само како пристап на Владата или на мнозинството, не мислам дека тоа позитивно ќе  се одрази на овие работи што бараат заеднички договор и заеднички консензус.

Сега, дозволете да кажам два-три зборови за делот на економските критериуми, иако основниот, главниот дел на текстот е намаменет на политичките критериуми.

Во еконосмкиот дел се нагласува и се подвлекува како позитивно донесувањето на закон за авторски права, меѓутоа и закон за индустриска сопственост, што се усогласени со документите и ориентациите на Европската Унија. Дозволете да констатирам дека, за жал, овие два закони што беа донесени од поранешниот состав, усогласени, многу малку се спроведуваат во праксата, дотолку повеќе што има многу повреди токму на овие два закони.

Сега, дозволете да кажам дека, за жал, ова парламентарно мнозинство што толку многу говореше за програм, за економски реформи, за економски развој што требаше да го почувствуваме толку брзо, за два-три месеци, уште на почетокот на мандатот на овој Парламент, само поради статистика, не е поминат ниту еден закон од економската сфера, исклучувајќи го Законот за данок на додадена вредност. Зарем тоа беа големите економски чекори, зарем ова беше таа логика на интензивен економски развој која што логика на брз начин ќе не усогласеше нас, кои бевме различни? Дали ова беше логиката на економскиот развој што од дневен ред ќе ги тргнеше етничките теми? Не ми изгледа така. Дотолку повеќе имајќи го предвид фактот дека во земјите на транзиција, економскиот развој многу зависи од политичкиот развој.

Дами и господо,

Со полна почит нашата земја сеуште не успеала и тешко ќе успее брзо да ги извезе исклучителните достигнувања на европскиот пазар и светскиот пазар. Нашата земја сеуште, а не знам дали некогаш ќе успее да ги зачуди компјутерските фирми или пак воздушните индустрии со некој нов модел на авион или пак компјутер. Меѓутоа, има нешто што земјите како нашата можат да и понудат на Европа и можат да понудат како помош во економските процеси. Земјите како Македонија можат да извезуваат политички добра и може да понудат политички модел што има сопственост и се однесува на сите. Дотолку повеќе кога овие политички моедели ќе беа модели што ќе можеа да помогнат во процесите на градење на мултиетничките демократии кои биле функционални во реонот на југоисточна Европа и западен балка, затоа што, верувајте сеуште има отворени прашања што се токму поврзани со проблемите на мултиетничката демократија. Овие земји можат да извезуваат стабилност, стабилна политика, можат да изразат стабилност доколку имаат внатрешна стабилност. Не мислам дека е добар пример извозот на стабилноста од една земја каде што камиони полни со оружје се шетаат, застануваат по пат како да пренесуваат јаболки а не оружје. .

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам да привршувате.

**Теута Арифи:** Еве, само уште последната реченица.

Да привишам, бидејќи ги почитувам не само договорите, туку говорам кратко, затоа што на мудрите не им треба долго.

Европските партнери нагласувале и сеуште велат дека Европа ќе требаше да биде културна заедница во највисока смисла на зборот.

Дозволете да заклучам со тоа дека ќе беше добро и државите како нашата, ќе требаше токму таа култура во највисока смисла на зборот, за што говори и Роберт Шуман, да го докажеме во политичката култура со постигнување консензус и политичка стабилност. Доколку успееме, можеби и можеме да претендираме да бидеме малку Европа. Доколку не, само ќе докажеме дека немаме ништо и не сме ништо повеќе од некои

размазени балканци кои не гледаат подалеку од својот нос. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има пратеникот Весна Јаневска повелете.

**Весна Јаневска:** Почитуван потпретседател, почитувани пратеници, почитуван претставник на Владата,

Бев многу среќна вчера кога бевте во поголем број, затоа што тоа го сметав како одраз на сериозноста на Владата по однос на темата. Но со оглед на случувањата што се случива вчера, токму на оваа седница, разбирливо е што бројот на претставниците на Владата се намалија.

Со задоволство ја чекав оваа седница и очекував да го потврдиме на оваа седница кога ќе се дискутира Извештајот на Европската Унија, да го потврдиме она што постојано го декларираме сите ние, а тоа е единството или консензусот по однос на она што не очекува како задача нас, односно нашата држава да ги исполниме критериумите, условите за конечно во некој среден рок да бидеме членка на Европската Унија што по мое длабоко мислење и припаѓаме, не како балканци, не во насока на интеграција, туку во насока на реинтеграција на оваа земја која под еден пострежим беше оштетена и сега се наоѓа тука каде што се наоѓа.

Ако реално се осврнеме на она што го добивме како извештај, она што според мене би можело глобално да се дефинира е дека постои застој и тој застој ние ако сакаме сериозно да се однесуваме во сопствената држава, значи не само Владата, туку и Парламентот на некој начин треба да го надокнадиме. Тоа претпоставувам дека може да се направи единствено со заеднички сили, а не само со декларативни тврдења, бидејќи навистина за одредени нешта, поради специфичноста на ситуацијата во која се наоѓа земјата, треба да постои консензус.

Кога за се би било така, ние не би биле различни политички партии, не би имало демократија, но токму поради таа специфика, ние за нешто колку и да сакаме или колку и да не сакаме, ќе мора да се договориме. Така очекував дека вчера или денес опозицијата која има искуство во изминатиот четиригодишен период во работата се постигна некаков успех во евроинтеграцијата, очекував дека ќе понуди свои сугестии, бидејќи речиси целата Влада беше тука и спремна да чека. Очекував дека министрите ќе дискутираат со искусните членови од опозицијата, дека секако позицијата, односно владиното мнозинство се наоѓаат и те како искусни луѓе, кои во вид на претставници во Парламентот, исто така ќе можат да го дадат своето мислење и врз основа на она што ние ќе го подискутираме овде, вклучувајќи ги и критиките на стореното и во минатиот и во овој мандат, ќе можеме да излеземе со единствен став за кој секогаш сме се залагале, особено што оваа Влада се декларираше дека ќе работи на принцип на континуитет, што мислам дека е доблесно и дека во суштина единствениот прав пат ќе може оваа држава во иднина да ја одведе таму каде што ние сите би сакале.

Не се сомневам дека нема дилема и дека барем по тоа постои единство, дека сите граѓани, а верувам и сите претставници на политичките партии и сите пратеници сакаат да имаат модерна европска и богата држава, во која ќе биде почитуван редот и мирот и законите и во која ќе се гарантира безбедноста. Наместо тоа сега имаме тензична ситуација и во Парламентот и надвор од него. Бидејќи многу пати се спомна во текот на вчерашната и денешната расправа аферата со оружје, па аферата во некој диско клуб, па и вчера тоа што се случи во Универзитетот, имам потреба да се произнесам во однос на тие неколку моменти.

Навистина е трагично и разочарувачки за сите кога ќе се случи една ваква афера со оружје и навистина сите треба да бидеме загрижени, но не знам зошто таквото нешто треба да се злоупотребува и токму на седница кога зборуваме за извештајот на Европската Унија и кога зборуваме за интеграција на Македониjја во Европската Унија. Апсолутно би сакала и се надевам дека и вие исто така мислите, би сакала нашата полиција да може во рок од 24 часа да ги реши сите проблеми на оваа земја, но сосема ми е јасно дека такво нешто не е можно.

Впрочем, ќе ве потсетам дека пред само неколку недели, можеби грешам, или денови беше, ние имавме од институциите на државата Велика Британија, или од Обединетото Кралство извештај по еден настан кој официјално беше даден по девет години. Ни случајно не мислам дека ова што се случи со оружјето или со процес треба истрагата да трае 9 години, но за добробит на државата и народот како што јас сакам да кажам, треба да имаме трпение и да им дозволиме на луѓето барем во некој примерен рок да го завршат она што го почнале. Доколку во тој нормалеен очекуван рок нема резултати, сметам дека сите ќе имаме право, без оглед кој припаѓа на опозицијата кој припаѓа н позицијата, да ја критикуваме полицијата, бидејќи полицијата е наша на сите нас, не само на позицијата.

Непријателство и омраза постоело и ќе постои, но ми се чини дека колку се поцивилизирани општествата, толку полесно се надминуваат тие проблеми. Некој од пратениците спомна такво нешто. Трагично е што мене ми се чини дека таквото нешто во нашата држава во овој момент потекнува не од непријателството на народот, затоа што биле припадници на позиција или опозиција, туку од тензиите кои се шират од раководствата на политичките партии, па дозволете ми да кажам од тензиите кои се шират од Парламентот, затоа што ќе зборувам само за вчера и за денес, значи во овие два дена политичките партии не собраа доволно сили во себе да се воздржат од тесно партиските интереси да пратат партиски пораки кон јавноста на Република Македонија. При тоа, одговорност исто колку и позицијата има и опозицијата, затоа што вчера и денес зборувавме на она што треба

да биде консензенуално прифатено, или она што треба да биде наш заеднички интерес на сите, без оглед на тоа на која страна во Парламентот седиме.

Тие тензии, според мене, се толку многу што можат да се прошират и не само што не ги почитуваме институциите во државата, мислев дека тоа е надминато, туку вчера на прослава на еден Универзитет се случи студентите да го организираат тој немил настан. Оние кои треба да бидат интелектуалци и носители на сите дејности, кои нас би требало да не однесат во Европа и тоа се случува на свето место, барем за мене, затоа што јас сум припадник на едно такво место што се вика Универзитет. Длабоко сум убедена дека младите луѓе кои студираа на било кој универзитет во оваа земја не се заинтересирани да се степаат, затоа што претседателот на Собранието бил присутен таму и затоа што тој бил припадник на една или друга политичка партија, сметам дека тоа е силното влијание на негативните пораки, кои ние од овде ги праќаме кон јавноста и која 16 години наназад ја праќавме дека припадниците на една или на друга политичка партија не можат да имаат апсолутно ништо заедничко, па дури ни сопствената држава, која во овој сериозен момент кога имаме релативно негативен извештај од Европската унија, би требало навистина да ја дефинираме како нешто што на сите може да ни биде заедничко.

Дојдовме до таму во нашата партиска полемика или надмудрување, затоа што мислам дека се случуваше надмудрување, повторно да го скрнавиме светото, велам за мене, Универзитетот местото каде што се стекнуваат знаења и да дискутираме сега и во овој момент за она што се вика криминал на универзитет. Е, навистина е трагично, во трагична ситуација е нашата земја да и се случува такво нешто. Но, за тоа не мислам дека е виновна ниту новата Влада, ниту старата Влада, мислам дека за тоа се виновни политичките констелации во оваа земја, кои навистина еден подолг период не нинудат можност за сериозно да се бавиме со она што треба да се бавиме, наместо да се надмудруваме кој е поумен, а кој е помалку умен. Сосема е јасно дека политичките партии се борат за власт. Сосема е јасно дека опозицијата кога ќе ја изгуби власта има право да се чувствува фрустрирана. Сосема природно психолошки е дека оние кои ќе ја добијат власта сакаат силно, брзо и интензивно да ја спроведат својата политика. Но, сосема е неприродно, психолошки неприфатливо антинационално, при тоа мислам државно да не се најде некој засегнат во таа борба за власт или за докажување или самодокажување, да не се помисли на последиците кои можат да произлезат од тоа односно да не се посмисли на сопствената држава и на сопствениот народ. Значи, како партија ВМРО-Народна партија секогаш се декларирала дека без оглед за што станува збор, за опозиција или позиција, ние сме покажале во изминатиот мандат дека знаеме конструктивно да делуваме и како опозиција. Јас имам право, бидјеки тоа сме го докажале истото да го барам и од другите во овој Парламент. Но, бидејки сме биле и претставници на власта, исто така имам право да барам и од позицијата да покаже разбирање за потребите на оние кои тоа денес не се.

Јас се надевам дека некогаш, не на оваа тема, на некоја друга тема ќе најдеме малку доблест па да поразговараме за тоа што е дијалог, за тоа како треба да се сузбива криминалот, кој може да даде свој придонес за тоа, па дури и да продискутираме за една точка која мислам дека најмалку беше критикувана во извештајот, а тоа е локалната самоуправа, па и да се пофалиме во континуитет на повеќе влади и дека тогаш ќе собереме сили реално да процениме што треба сите заедно, покрај сите наши разлики кои ќе опстојуваат во иднина, да направиме за добробит на државата. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Процедурално има господинот Мендух Тачи. Повелете.

**Мендух Тачи:** Јани, може само една реченица ако се сложувате сите, само едно појаснување во врска со случувањата синоќа. Ништо друго со темата. И молам само за една минута.

Почитувани колеги, сакам нешто да појаснам. Тука паднаа многу тешки зборови од госпоѓата Весна Јаневска, нормално не злонамерно, да појасниме нешто. Тоа што се случи синоќа не беше во Тетовскиот универзитет, туку во Дом на културата каде што имаше свечена академија. Тоа е прво.

Второ, апсолутно нема врска со меѓуетнички тензии. Тоа беше политичка и партиск апровокација, затоа што, ќе ве потсетам, господинот Љубиша Георгиевски беше присутен и на денот кога се ставаше бистата на Скендер Бег. Бидејќи беше гостин на друга политичка партија, немаше никакви реакции. Благодарам.

**Бесим Догани:** Реплика има Весна Јаневска.

**Весна Јаневска:** Мене ми е жал што господинот Тачи погрешно ме разбрал и мислам дека тоа што вие го кажавте, ќе го кажев и јас. Не станува збор за меѓуетнички и според моето мислење, така што ако не сум била сосема доволно јасна, ве молам, тоа е тоа што заеднички го кажуваме. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Збор има вицепремиерот Габриела Коневска-Трајковска, повелете.

**Габриела Коневска-Трајковска:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, дами и господа,

Јас нема денес да говорам долго, затоа што вчера во принцип ги изразивме ставовите на Владата на Република Македонија. Напротив, денес ќе проговорам за конкретни предлози и конструктивни позиции кои што сакаме да ги предложиме на овој дом, за да изнајдеме начин и можност за соработка помеѓу извршната и

законодавната власт, затоа што мислиме дека на тој начин конструктивно и позитивно ќе покажеме од зборови на дело дека ние сите сме за приоритет да ни биде Европската унија.

Ги поздравувам сите дискусии кои што беа изнесени, ги поздравувам сите критики кои што беа дадени до Владата на Република Македонија и ценам дека се ставени на едно позитивно конто, со цел да се покаже и да се укаже што е она што е направено во последните неколку месеци од конституирањето на новата Влада на Република Македонија. Жалам само што единствено можеби ние придонесуваме до тоа да имате една искривена слика од страна на опозицијата за приоритетите на Владата на Република Македонија и она што го правиме. Ако тука грешиме, ќе ни дозволите да ги кажеме своите предлози, па заеднички да изнајдеме начин и се разбира модуси да ги поправиме истите и се разбира, постојано да одиме кон еден единствен начин на практицирање на релациите помеѓу Собраниеот и Владата. Имено, Владата на Република Македонија го поздравува начинот на кој што сега за прв пат дискутираме по однос на извештајот на Европската унија. Ве молам, во иднина не мора само извештаите кои што се дадени од Европската комисија, да бидат причина и повод за еден ваков начин на информирање на домот на народот. Напротив, Владата по ваше ценење, ако сакате, ви стои на располагање три месеци, шест месеци, еднаш месечно, сакате пред Собранието, сакате пред Комисиајта за европски прашања овде во Собранието, да дава отчетност за она што е направено и што е исполнето по утврдената програма за пристапувањето кон Европската унија.

Благодарност дава и на овие дискусии, затоа што реков дека ги гледам во духот на еден позитивен критицизам. А, позитивниот критицизам го доживувам на начин што во оние дискусии кои што ќе ги развиваме како што се овие денес, освен тоа што ќе нотираме што е она што не е добро, ќе имаме и позициии предлози како то аможеме заеднички да го надминеме. Бидејќи, упорно тврдам од сето искуство што го имам до сега во областа на европските интеграции дека сите ние сме заедно во ова. Го потврдувам она што го рече господинот Бучковски, одговорноста е на сите нас. Да се биде земја кандидат, значи да се однесуваме одговорно и кога сте во законодавна власт, и во извршна и кога се наоѓате во судска власт. Почитувањето на овие поделби на власти, точната позицираност на сите овие по функционална поставеност и воедно на чинителите внатре во властите и на позиција и на опозиција, се подеднакво ставени на основата на одговорноста што вие ја нотирате. Ова целосно го прифаќаме и стоиме на ставот дека можеме во овој дел да настапуваме заедно.

Ќе ми дозволите да предочам неколку конкретни предлози.

Првиот предлог е она што го реков, вакви седници пленарни, договорено е и дека треба да има еднаш годишно. Ако цените и по потреба на опозицијата мислите дека треба повеќе пати, Владата секогаш кога ќе ја повикате ќе биде овде присутна, не само ресорниот министер, не само оној што е надлежен и одговорен за европска интеграција, премиерот и сите оние минситри за кои што мислите дека треба да бидат присутни, навистина треба овде да бидат и да покажат отчетност во својот процес на работење. Само на тој начин, дами и господа, ќе успееме да направиме една и единствена работа, да не создадеме искривени слики за она што претставуваат приоритети и она што реално Владата го прави на полето на европските интеграции.

Втора работа е начинот на соработката со Комисијата за европски прашања при Собранието. Овде исто така ви стоиме целосно на располагање за сите предлози на закони, она што вчера го напоменав. Секретарјатот за европски прашања и сите ресорни министри до колку цените во одредени области се подготвени на сите пратенички групи да бидат на располагање во однос на утврдувањето на позициите и објаснувањето на она што е тоа што сака да се постигне, се разбира, во духот на директивите и препораките на Европската унија. Посебно ме радува што лидер на опозицијата е човек кој што одлично ја познава европската проблематика. Во овој домен сакам да се надоврзам дека ова освен што претставува доблест, претставува и голема одговорност, затоа што очекувањата како на меѓународната, така и на домашната јавност се искрено големи по ова прашање. Стратешките документи кои што се однесуваат на процесот на интеграцијата односно пристапувањето кон Европската унија во целост се превземени како нацрт документи од Владата на Република Македонија.

Во оваа пригода сакам да го истакнам првенствено националната програма за хармонизација на законодавството. Оваа програма, дами и господа, е беше усвоена од страна на Владата. Ревидирана е за сето она што не е исполнето во 2006 година. Рековме поради икс причини не се навраќам, имало избори,имало забавување на процесот, дали се виновни позиција или опозиција, воопшто не се осврнувамна тој дел, меѓутоа дајте конкретно да настапиме као ова ќе го надминеме. Ако сакаме да го надминеме, Владата донесе заклучок дека овие закони кои што се по број, некаде околу 59, а не се донесени во 2006 година и биле ставени во програма, да ги донесеме до март 2007 година. Ние имаме една заедничка вежба што 313 пати треба да ја повториме до 2010 година. Овојдом треба да покаже и совесност, треба да покаже доблесност и одговорност попрашањата за Европската унија.

Ако ми дозволите ќе ви дадам примери на неколку држави. Држави, кои исто така имаат кандидатски статус и држави во процес на преговори. Од Југоисточна Европа попрашањата за законите ги направија следните модуси.

Имено, има држави кои отворија таканаречени експресни линии. Експресна линија значи дека законите и предлозите,измените и нацртот се даваат на дискусија пред да дојдар пред расправа на Собранието. Тоа значи дека во комисиите сите отворени прашања се надминуваат. Се утврдува, во некои земји имаше и посебен ден каде што се утврдува, каде што се дискутира само за закони кои што се однесвуаат на хармонизацијата со Европската унија. Ако сакате можеме и ова да го воспоставиме. Значи, да имаме посебен критериум од она што неколку пати го спомна опозицијата да се разгледува што е приоритет по Европско партнесрство, што е приоритет по Европска унија, хармонизација и што е она што значи исполнување на национална програма на Владата на Република Македонија.Ако сите велиме дека ова ни е приоритет ние ви стоиме на располагање за сите прашања за кои што сакате да дискутираме, практично, тоа и дел од нашата работа, да можеме да соработуваме по оние позиции кои треба да бидат дискутирани.

Друга позиција која што се однесува е она што вие го дадовте како предлог за формирање на национален совет. Идеата е одлична и ја поддржуваме и мислиме дека тоа би претставувало една одлична платформа односно основа од која што ќе можеме да ги депатираме и конструктивно да ги разгледуваме сите прашања кои што се однесуваат на приоритетите во даден временски период, а се однесуваат на интеграцијата во Европската унија. На овој начин сите политички чинители, релевантни, тоа се позиција и опозиција, во оваа држава ќе можат да бидат вклучени. Одговорно ви тврдам дека во Националниот совет опозиции кои што ќе дискутирате сериозно ќе бидат прифатени од страна на Владата на Република Македонија. Бидејќи, искрено ви тврдам ние сме свесни дека легитимитетот и легалитетот на донесувањето на целокупниот корпус на реформи, можеме да го постигнеме само со заеднички консензус по прашања кои што се поврзани од Европската унија. Ова ни е сосема јасно. Тркалото на демократијата, дами и господа, е без милосно. Свесни сме за две, четири, десет години сите ние можеме да бидеме ставени на столбот на одговорноста и да не прашаат што нарпавивте тогаш. Ние мораме да ги јакнеме овие системи. Што сега Владата прави конкретно по овие позиции. Жалам што мислите дека не ни е ова приоритет. Можеби го имате како чувство, затоа што ние доволно не сме биле отчетни пред овој дом. Значи, не сме биле тие кои што сме седнале ид а известуваме што е она што го правиме. Ви стоиме на располагање да ви ги дадеме сите белешки на наши патувања и остварени билатерални средби, каде што многу стриктно во неколку наврати го артикулираме прашањето на отворањето и давањето на датумот за преговори. Верувајте дека нема политички субјект, одговорно тврдам, во оваа сржава кој што не сака да добие датум за преговори. На квалитетен начин тоа премногу ќе ни даде и динамизам и ќе не позиционира онаму каде што реално припаѓаме односно во семејството на земјите кандидати и земји кои што претендираат да станат полноправни членки.

Во овој домен што конкретно правиме за преговорите, првенствено почнавме да работиме со сите 35 работни групи. Раководителите на подрачја кој што ги променивме, ги променивме само заради тоа што воспоставивме критериуми за да познаваат јазик и да зборуваат. Двајца од нив сами се откажаа. Имаме четворица што се променети, од кои што двајца самите се откажаа, поради тоа што ќе работеле на други работни задачи. Еден од нив е променет заради непознавање на јазик, а другиот е променет заради тоа што бил директор на дадената институција и по механизам на промената на власта, неговата позиција веќе не е на таа, новиот директор ја превзема функцијата. Во Царината тој што бил раководител, сега директорот го презема раководењето со работната група. Значи, ставаме дури и повисок степен на одговорност. Овие работни групи се објавени во Службен весник. Значи, составот можете да го видите и мислам дека ќе го препознаете.

Владата на Република Македонија тргна со концепт на континуитет во процесот на Европската интеграција. Ви тврдам одговорно дека во Министерството за надворешни работи, во Секретарјатот за европски прашања, воопшто не се направени кадровски промени и нема да бидат направени со цел со цел да се искористи целокупната мобилизација на ресурси кои што ги имаме. Значи, во тој домен еве се трудиме да го одржиме тој принцип на континуитет. Јас немам други докази кои што можам да ви покажам дека ние навистина стоиме на оваа линија.

По однос на преговорите што друго направивме? Мисијата во Брисел, донесовме Одлука дека треба да биде засилена. Имаме одредена динамика. Рековме двајца до крајот на оваа година. Бараме финансиски средства од Буџетот и ни било одобрено од 2005 година, па се трудевме тоа да го направиме со ребаланс. Во 2007 година рековме дека ше го дуплираме овој однос, застоа што верувајте, бараме датум за преговори. Неодговорно е со 6 луѓе во мисијата и 1 шеф на мисија да бараме ваква позиција. Дваесеттина минимум се потребни за да одговориме на прашањата кои што ни се потребни.

Втора работа, бараме датум за преговори, а ние ги немаме формирано внатре работните групи на начин на којшто тоа се бара од нас. Многу добро ја знаете методологијата која што треба да се постави, а методологијата значи не само нивно обучување, структурата внатре во министерствата за области кои што се однесвуаат на европска интеграција, се многу слаби. Од 15, четири министерства одговараат на некои начелни позиции што како критериум ги псотавивме за да одговорат на прашањата за

Европска интеграција. Има министерства, каде што тие кои што работат и на делот за меѓународна соработка, за жал, активно не зборуваа странски јазици. Значи, се трудиме и ова да го надополниме. Почнавме да одиме по сите министерства поединечно, да можеме да им даваме насоки. Ве молам, формирајте сектор, секторот да има вакви и вакви работи, вакви и вакви одделенија кои што ќе работат на делот на Европска интеграција. Рековме дека ќе почнеме да бараме приоритети на кадар. Секретарјатот има утврдено позиции за вработување, да можеме да ги дадеме на оние на кои што ќе им бидат потребни во квалификации кои што ќе соодвествуваат. Јас не знам како поинаку да покажеме дека преговорите ни се приоритет. Значи, освен што правиме на поле на политички лобирања, го првиме тоа и на домашен терен. Позициите кои се однесуваат на политички и економски критериуми, ве уверувам дека ги сватиме многу сериозно. За политичкие критериуми направивме координација со сите чинители на оваа област.

Втората работа, денеска имавме дискусија повторно со сите чинители во однос на статистичкото прибирање и заедничките бази на податоци, кои се основа за борба против организиран криминал и коропуција. На овој начин ако се среќаваме почесто и дискутираме, сигурна сум дека нема да имате претстава дека едноставно приоритет нам не ни е Европската унија. Седниците на Владата на Република Македонија, можете да ги земете стенограмите, можете да ги видите заклучоците. 90% се однесуваат на делот на европска интеграција. Најголемиот дел од дискусиите се однесуваат токму на закони, подзаконски акти и на утврдувањето на динамиката и на заложбите кои што сме ги преземале како одговорност пред Европската унија.

И конечно да заклучам, мислам дека на овој начин ако настапиме конструктивно, значи ве поддржуваме како Влада во однос на формирањето на една ваква идеа, внатре во Парламентот за националниот совет. Ве покануваме целосно да учествувате во коцептуалните делови кои што се за дискусии по прашања за законите од националната програма за хармонизација со легислативата. И, секако Владата ви стои на располагање за сите оние прашања за кои што мислите дека треба да дебатираме и треба да бидеме овде присутни, и одговорно тврдам дека, да, тоа треба да го правиме, да бидеме сегогаш присутни кога вие тоа од нас ќе го побарате. Само на овој начин ви тврдам дека ќе покажеме, дека за еуреторика ќе дадеме и еуработа. Оти ние премногу реторички за ова прашање се однесуваме, а премалку се фокусираме на таа работа. Можеме бесконечно да одиме во взаемни критики, никаде нема да не однесат.

На крајот на денот верувајте ќе се процени ниту едната, ниту другата страна, тоа значи ни позиција, ни опозиција, немаат политичка зрелост да се носат со одговорноста, која што значи кандидатски статус и добивање на датум за преговори. Датум за преговори значи дека ќе се добие, кога ќе се исполнат критериуми, не кога ние еден со друг постојано ќе се критикуваме и ќе викаме вие ова направивте, вие тоа направивте. А, критериумите да се исполнат сите заедно треба да работиме, бидејќи и опозицијата има исклучително добар експертски потенцијал, кој што тврдам ако се употреби на соодветен начин ќе ни биде соодветно и доста од корист за сето она што сакаме да го исполниме.

Конечно, реков овој процес не го правиме за нас. Овој процес не е за ниедна политичка опција. Ние не сакаме да ставиме трејд марк и да речеме браво, ние ова го направивме. Ова го правиме за граѓаните, а сите ние ја имаме одговорноста на еден или на друг начин добиено и дадено од нив.

Ви благодарам многу и се извинувам ако бев повторно предолга иако денеска не сакав да учествувам во дискусијата, сакав само да ги изнесам овие предлози, се надевам дека ќе наидеме на разбирање и поддршка од ваша страна. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Процедурално Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, ова не е упатено до вас, бидејќи вие не присуствувавте на координацијата, сметам дека денеска вицепремиерот требаше да ја заокружи расправата и да зборува за иднина да не испровоцира нови дискусии, да не ни дели лекции овде.

Не е работа на опозицијата што сака, туку мора и не треба да стои на располагање на опозицијата, туку на сите граѓани на Република Македонија.

Јас се надевам дека премиерот ја слушна што зборуваше, ќе ги повлече сите предлози до сега што ги имаме и ќе понудат барем пет од 59-те приоритетни закони што се.

Сега да упатам прашање и до вас како ќе завршиме, бидејќи во овој момент ги немаме заклучоците освен заклучоците што се предложени официјално само од пет политички партии. Благодарам.

**Бесим Догани:** Процедурата како ќе се заврши седницата останува на мене како потпретседател.

Ако нема повеќе пријавени, а нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Заклучоците ќе бидат дополнително подготвени и ќе се стават во собраниска процедура.

Тука ја прекинувам 21-та седница и ве известувам дека продолжуваме утре во 11,00 часот со продолжението на 16-тата седница.

Ви благодарам.

(Седницата прекина со работа во 20,27 часот)